**20260150215**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 јануари 2026 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА МЕЃУРЕСОРСКА ГРУПА ЗА КРЕИРАЊЕ НА МИГРАЦИОНАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за формирање на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 109/08, 152/10, 58/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 17/21), членот 3 се менува и гласи:

„Меѓуресорската група за креирање на миграционата политика на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Меѓуресорската група), е составена од претставници од Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за економија и труд, Министерството за европски прашања, Државниот завод за статистика, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Регионален центар за регионална иницијатива миграции, азил и бегалци (МАРРИ), Министерството за дигитална трансформација – Управа за водење на матичните книги, Меѓународна организација за миграции (ИОМ), Фонд за население на Обединети нации (УНФПА), Меѓународниот центар за развој на миграциона политика (ИЦМПД) и Канцеларијата на високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации (УНХЦР).

По потреба, во работата на Меѓуресорската група, на предлог на раководителот или членовите на Меѓуресорската група, може да присуствуваат и претставници од други институции и меѓународни организации од областа на миграциите кои со својата стручност може да придонесат во работата на Меѓуресорската група“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-702/4
27 јануари 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.